# МОНИТОР:

# СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ

*Период:* ***21.10-06.11.2015 г.***

## Спроведување на Политичкиот договор

Спроведувањето на политичкиот договор стана критично. Потписниците на договорот се сопнаа околу утврдувањето на мандатите на новите министри и заменици министри. Последователно, ова придонесе кон замрзнување на преговорите и по другите клучни прашања, вклучително и изборниот законик кој претходно беше усогласен. Олеснувачот Ванхауте го смени формат на преговорите со одржување на поедини билатерални средби кои кулминираа со конечен договор на 5 ноември.

Меѓународниот фактор стана сè погласен во барањата да се испочитува договорот, со нагласување дека тоа ќе се одрази на препораката за почеток на преговори со ЕУ. Амбасадорите на САД, Франција, Италија, Велика Британија и Германија од пред Владата на РМ, изразија загриженост за застојот во политичкиот развој на настаните. Овојпат тие јавно го повикаа ВМРО-ДПМНЕ и Груевски да покажат ангажираност за имплементација на договорот, конструктивност, добра волја и ургентност, со цел изнаоѓање решение за отворените прашања за брзо спроведување на реформите. Во однос на СДСМ, нагласија дека е потребно и понатаму да продолжи да ги исполнува преземените обврски, односно да не објавува снимки од прислушуваните разговори.[1] Покрај амбасадорите, истата порака ја упати и официјален Берлин[2]. На овие ставови се надоврзаа и „прогресивците“ од Европскиот парламент.[3] Ховит, поранешен известувач за Македонија, посочи дека е предоцна за иста позитивна препорака како минатогодишната, односно најави условеност.[4]

Половина час по реакцијата на амбасадорите, премиерот Груевски на својот твитер профил го објави ставот на Владата дека „народот одлучува за иднината на Македонија“.[5]

Притисокот овојпат вроди со плод. Ноќта на 5 ноември преговарачките тимови на партиите седнаа на заедничка маса и постигнаа согласност околу новиот закон за Влада, изборениот законик, законот за „бомбите“, законот за свиркачите и Анкетна комисија за скандалот со прислушувањето. Истакнати партиски кадри од редовите на СДСМ влегуваат во преодната влада.[6] Датумот за одржување избори останува ист.

Министрите од опозицијата ќе имаат право на кадровски измени, но на секој назначен функционер од нивна страна, замeникот ќе биде од ВМРО-ДПМНЕ. Замениците министрите од првиот ден на нивното именување ќе имаат право на вето за прашања што се однесуваат на изборите, а во случај на различно толкување надлежна ќе биде ДИК.

Законот за „бомбите“, именуван како Закон за заштита на приватноста загарантирана со Уставот и со Европската конвенција за човекови права, ќе се однесува само на нелегално снимените материјали во периодот 2008/2015 година, но не предвидува никакви казни доколку се употребуваат веќе објавените телефонски

---

[1] Реакцијата е достапна на веб страната на Британската амбасада: https://www.gov.uk/government/world-location-news/joint-statement-on-political-crisis-in-macedonia.

[2] Реакцијата е достапна на веб страната на Германската амбасада: http://www.skopje.diplo.de/Vertretung/skopje/mk/__pr/Presse2015/Pressemitteilungen/Reichel-Okt2015.html

[3] Претставници на Групата на прогресивни социјалисти и демократи во Европскиот парламент: Џани Питела (претседател на Групата), Ричард Ховит и Курт Флекенштајн, остварија посета на Македонија на 4 ноември по повод учество на јавна дебата насловена како „Предизвиците и очекувањата од сегашната политичка ситуација и Европските перспективи“, организирана од Фондацијата „Фридрих Еберт“ - канцеларија Скопје, во соработка со „Прогрес институтот“. За време на посетата, делегацијата Питела-Ховит се сретна со Зоран Заев, а беше одржана и средба со министерот за надворешни работи Никола Попоски, во состав Питела-Флекенштајн.

[4] Ховит: Договорот од Пржино е прекршен. Телма. 04.11.2015 година. Достапно на: http://www.telma.com.mk/vesti/hovit-dogovorot-od-przhino-e-prekrshen.

[5] Груевски: Народот на Македонија одлучува за нејзината иднина. Веб страна на Влада на РМ. 23.10.2015 год. Достапно на: http://vlada.mk/node/11338.

[6] Оливер Спасовски како министер за внатрешни работи, Фросина Ременски министерка за труд и социјална политика, Кире Наумов како заменик министер во ресорот за финансии, Александар Кирацовски во администрација и Љупчо Николовски во земјоделие. Досегашните министри за внатрешни работи и труд и социјала остануваат во министерствата како заменици.

Проект *Мрежа 23: Следење на итните реформски приоритети* поддржан од Кралството Холандија

Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Kingdom of the Netherlands

разговори. Забраната за објавување се однесува на материјали кои ја загрозуваат приватноста, но не и за материјали од јавен интерес. За ваквиот закон ќе биде побарано мислење од Венецијанската комисија, со што неговата примена се одложува за шест месеци. Законот за свиркачите ќе ги штити соработниците на правдата во државните институции, но и во приватните компании и ќе почне да се применува четири месеци по неговото изгласување. Во такво својство може да се јави секој вработен, кандидат за вработување, волонтер или лице кое по кој бил основ е ангажирано за работа.

Сепак, законите не беа јавно објавени.[7] Најавено е дека тие ќе се најдат пред пратениците во „најбрз можен рок“ односно понеделник бидејќи работните групи на партиите треба да ги прецизираат „техничките детали на процедурите“.

Европската комисија ги охрабри партиите „да ги направат потребните преостанати чекори во поглед на имплементирање на обврските од договорот од јуни/јули...што е важно во контекст на претстојниот извештај за напредокот“.[8]

## Владеење на правото и правосудство

### Правосудство

По пробивањето на законскиот рок од 35 дена за обезбедување на финансиски, Собранието, едногласно и без расправа, го одобри предложениот буџет од **специјалната јавна обвинителка** од 63.420.428 денари за последниот квартал од 2015 година.[9] Советот за јавни обвинители на Република Македонија ја промени својата одлука и изгласа уште пет јавни обвинители кои ќе работат со претходно избраните седум во тимот на Катица Јанева. Избраните јавни обвинители ќе имаат можност сами да изберат по двајца истражители и двајца стручни соработници. Вака оформеното специјално јавно обвинителство, сместено во поранешните простории на Агенцијата за млади и спорт, најави дека ќе почне со работа од 9 ноември (понеделник).[10]

**Апелациониот суд Скопје** се прогласи за ненадлежен за да одлучува по поднесените жалби на основните јавни обвинители против решенијата на судијата во претходна постапка со кои беа отфрлени како доказ прислушуваните снимки објавени од опозицијата. Ваквата одлука е во согласност со Законот за кривична постапка кој предвидува дека за жалби на одлуките на судијата на претходна постапка, надлежен е првостепениот суд во совет составен од тројца судии. Произлегува дека судијата во претходна постапка дал погрешна правна поука пред кој суд обвинителството треба да вложи жалба. Предметот е вратен пред Основниот суд Скопје 1 Скопје.[11] Основниот суд ги отфрли жалбите како неосновани и ги потврди одлуките на судијата на претходна постапка.[12]

**Судскиот совет** на седницата одржана на 30 октомври, констатирал дека поради годишните одмори во судовите има голем број на нерешени предмети. Усвоен е нов Деловник за работа, врз основа на кој Судскиот совет треба да изготви нови интерни процедури за работа. По однос на објавениот оглас за избор на два члена на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија од редот на пензионирани универзитетски професори на Правен факултет на универзитетите во РМ постапката е завршена, следи психолошкиот тест, по што кандидатите ќе бидат објавени.[13] Но на 4 ноември 2015 година беше повторно објавен оглас за избор на член од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РМ.[14] На барање за поголема транспарентност на постапката, Комисијата за избор се повика на заштита на интегритетот на кандидатите за членови. Уставниот суд ја отфрли иницијативата за оценување на уставноста и

---

[7] Информациите за нивната содржина беа соопштени од страна на медиумите врз основа на извори од опозицијата.
[8] ЕК: Договореното да се спроведе. МИА. 06.11.2015 година. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/282/132881822.
[9] Седница бр.71 на Собранието на РМ. Материјалите се достапни на: http://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=1d09595a-e6d9-44f9-940f-165e9bcf4eb1.
[10] Од мониторинг активностите на Хелсиншкиот комитет за човекови права.
[11] Од мониторинг активностите на Хелсиншкиот комитет за човекови права.
[12] Соопштение за јавност. Веб страна на Основен суд Скопје 1 Скопје. 04.11.2015 година. Достапно на: http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=427.
[13] На веб страната на Судски совет сè уште нема соопштение од одржаната седница на 30.10.2015 година. Институтот за човекови права редовно ги следи седниците на Судскиот совет.
[14] Оглас за избор на член на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија. Веб страна на Судски совет. 04.11.2015 година. Достапно на: http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=361.

законитоста на одредбата во која се предвидува само пензионери да можат да се кандидираат за членови на Советот.

**Врховниот суд на РМ** на 29 октомври одбележа 70 години од своето постоење. Во својот поздравен говор, претседателката Лидија Неделкова изјави дека и покрај тоа што судството во Македонија се соочува со одредени проблеми и слабости што треба да се надминат, перцепцијата на јавноста за судството повеќе се темели на паушални критики упатени преку и од страна на медиумите. Поради таа причина, претседателката на Врховниот суд повика на запирање на негативниот набој во општеството и јавната хајка против судството.[15]

Од своето основање во 2012 година **Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права**, има одржано десет седници на коишто е разгледувано извршувањето на голем дел од пресудите на ЕСЧП против РМ во однос на преземање на соодветни индивидуални и генерални мерки. Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП редовно ги извршува само одлуките на ЕСЧП во делот за исплата на just-satisfaction кои што произлегуваат од пресуда или одлука на судот (донесена врз основа на пријателска спогодба или унилатерална декларација) во предвиденот рок. На почетокот на 2015 година, Бирото заедно со Комитетот на министри направи план за доставување на акциони планови/извештаи во однос на пресудите против Република Македонија во насока на подобрување на комуникацијата со Комитетот во однос на извршувањето и на затворањето на предмети коишто се веќе извршени. Оваа година до денес целосно се затворени три предмети против РМ, а поднесени се вкупно 14 акциони планови/извештаи.[16]

Предлог буџетот за 2016 година, кој влезе во собраниска процедура предвидува основниот буџет на **Академијата за судии и јавни обвинители** да изнесува 41.403.000,00 илјада денари, што претставува зголемување во однос на 2015 година кога изнесувал 31.293.000,00 денари и на 2014 година кога основниот буџет изнесувал 34.946.000,00 денари.[17] Меѓутоа, со ребалансот на Буџетот во 2014 година, на Академијата и биле скратени средства во износ од 4.477.000,00 денари според извештајот на Академијата за 2014 година.[18]

Предлог буџетот за 2016 година предвидува програма за реформа на судството на **Министерството за правда** со цел подобрување на судската ефикасност и ефективност, како и на деловната клима преку јакнење на судските капацитети и на капацитетите на министерствата за имплементација на стратегијата за реформа на судството, на поврзаните закони и на судската инфраструктура. За тоа се одвоени 74.650.000,00 денари за судски реформи кои се распоредени во категориите за купување на мебел, опрема и машини, како и за градежни работи, додека обуки не фигурираат.

## Следење на комуникациите

На покана на директорот на УБК, членовите на Собраниската комисија за надзор над работата на разузнавачките служби остварија посета во просториите на тајната полиција. Но наместо враќање на довербата во оваа институција, по средбата следеа меѓусебни обвинувања на членовите. Претседателот на Комисијата, Хари Локвенец, изјави дека посетата не овозможила добивање на бараните одговори, туку само оскудни информации. Врховниот суд се изјаснил негативно на прашањето дали од 2007 година има издадено наредба за следење на комуникациите. Според Локвенец, постои несогласување на бројот на издадени судски наредби за 2014 година објавен од Јавното обвинителство со бројот на судски наредби за истата година евидентиран од УБК. Според Саздов, пратеникот од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, Локвенец треба кривично да одговара за издавање на ваквите податоци.[19]

Анкетната комисија за скандалот со прислушувањето ќе биде составена од 16 члена и тоа: 8 од ВМРО ДПМНЕ, 4 од СДСМ меѓу кои и претседателот и заменикот на комисијата, 2 од ДУИ, 1 од ДПА и 1 независен

---

[15] Од мониторинг активностите на Хелсиншкиот комитет за човекови права

[16] Информацијата е добиена преку поднесување на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП од страна на Институтот за човекови права на 17 септември 2015 година.

[17] Коалиција сите за правично судење - Извор на информација: веб страниците на Собранието и на Академијата, годишен извештај на Академијата за 2014 година.

[18] Во 2014 Академијата реализирала 26.720.285,00 денари од 30. 469 00,00 денари колку ибиле алоцирани со ребалансот на буџетот. Но, согласно Завршната сметка на Буџетот на РМ за 2014 години доделените средства на Академијата изнесувале 28.849.000,00 денари. Ова означува дека на Академијата вкупно ѝ биле скратени 6.097.000,00 денари во 2014 година, а не 4.477.000,00 денари.

[19] Обвинувања по посетата на УБК. Телма. 27.10.2015 год. Достапно на: http://www.telma.com.mk/vesti/obvinuvanja-po-posetata-na-ubk.

пратеник. Седниците на комисијата по правило ќе бидат јавни, а секоја партија ќе предложи по тројца сведоци. Извештајот на комисијата треба да биде поднесен во јануари.

### Лустрација

Веб страната на Комисијата за верификација на факти повторно функционира со тоа што на почетната страна има информација во врска со новиот закон.[20]

## Изборна реформа

Со измените во Изборниот законик во однос на политичкото рекламирање, медиумите веќе нема да можат да се јават како донатори, а вкупната сума по гласач се ограничува на 110 денари. Власта и опозицијата добиваат еднаков термин за претставување, однсно по 3 часа во јавниот сервис, 8 минути на час програма во приватните медиуми и сразмерна распределба на билборди.

Деветчлениот состав на Државната изборна комисија треба да биде усогласен во рок од 15 дена од донесувањето на изборниот законик, со тоа што власта и опозицијата ќе имаат по три члена, а останатите три члена меѓу кои и претседателот, ќе бидат експерти.

Според пораките од меѓународната заедница, изборите мора да бидат спроведени на рамноправен терен и да бидат меѓународно признаени. Комесарот Хан најави силен меѓународен мониторинг.[21]

## Деполитизација на јавната администрација

На 100 волонтери од кумановската општа болница, во присуство на министерот за локална самоуправа и министерот за економија, им биле врачени решенија за трансформација на работниот однос во постојани позиции.[22] Ваквата одлука не е во согласност со Итните реформски приоритети кои налагаат мораториум на Законот за трансформација на привремени вработувања во постојани позиции сè додека принципот на заслуга не е целосно запазен во процесот на трансформација.

## Медиуми

На овогодинешната Speak Up3 конференција, комесарот Хан посочи дека слободата на изразување и медиумите ќе имаат централна улога во процесот на проширување и дека ова прашање не може да биде предмет на преговори.[23]

Уставниот суд го одби барањето на Апостолов и Костова, новинар и уредничка на неделникот „Фокус“, за заштита на слободите и правата, кои се однесуваат на слободата на јавно изразување на мислата. Објавените текстови во неделникот Фокус не биле со цел да предизвикаат јавна дебата, туку да им наштетат на личните права на тужителот Мијалков. Едновремено, Уставниот суд смета дека текстовите не ги почитувале принципите на истражувачкото новинарство, како и дека изворот на информации, поранешен амбасадор на РМ, не може да се смета за релевантен фактор.

Ваквата одлука отвара неколку суштински прашања: (1) Зошто судот смета дека текстовите кои се однесуваат на поведението на носител на јавна функција, во случајов, тогашниот директор на УБК, не се од јавен интерес?; (2) Зошто поранешен амбасадор, носител на висока јавна функција во државата, не може да се смета за релевантен извор на информации?[24].

---

[20] Информацијата е од редовното следење на работата на Комисијата за верификација на факти на Институтот за човекови права.
[21] Хан: Спроведување на договорот и фер избори во април. МИА. 4.11.2015 година. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/380/132878587.
[22] Во кумановската болница 100 волонтери добија решенија за вработување. МИА. 29.10.2015 година. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/380/132869259.
[23] Хан: Само преку преговори за членство може да влијаеме за подобра медиумска состојба. МИА. 04.11.2015 година. Достапно на: http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/98/132877476.
[24] Од мониторинг активностите на НВО Инфоцентар.


Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Kingdom of the Netherlands

## РЕАКЦИИ

Од овој број почнуваме да објавуваме реакции на содржините на овој извештај.

Во целост ја објавуваме реакцијата пристигната на нашата електронска адреса на 26.10.2015 година од страна на портпаролката на Врховниот суд:

„Почитувани,

Со внимание го прочитавме Вашиот извештај под наслов "Монитор: спроведувањето на итните реформски приоритети" за период од 01-20.10.2015 година, кој ни го доставивте преку e-mail на ден 21.10.2015 година во 22.25 часот. Во образложението на Вашиот извештај, појаснувате дека Мрежата 23-мрежа на невладини организации, основана во јули 2015 година, во овој момент работи на следење на итните реферомски приоритети, поддржано од Кралството Холандија, а своите извештаи ги темели на истражување и на застапување базирано врз докази и аргументи.
Во овој контекст, неприфатливо е за нас во извештајот да стои текст во врска со Претседателката на Врховниот суд на Република Македонија, кој е превземен од текст објавен од страна на авторот Саше Димовски на интернет страницата Призма на 14.10.2015 година. Ова од причина што објавениот текст на овој автор е очигледно негово лично мислење кое е извадено од контекст и со кое се остава погрешна перцепција во јавноста за работењето и угледот на судството, а особено за Врховниот суд на Република Македонија.

Настанот за кој авторот зборува во текстот е настан кој се случи на 28.09.2015 година и во дебатните изјави, во ниеден момент не се оспоруваа резултатите од анкетата за судството спроведена во 2009 година, со помош на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ниту пак се има таква намера. Уште помалку е точно дека анкетата помеѓу судиите која се планира да биде направена преку Здружението на судии на Република Македонија ќе се прави за да се докаже дека нема политички притисоци во судството.

Во никој случај нечие лично мислење и своеволен коментар не може да биде основ врз кој можете да го правите овој извештај, кој тврдите дека го правите врз основа на истражување и на застапување базирано врз докази и аргументи.

Од овие причини, Ви го доставуваме овој текст како наша Забелешка, која бараме да биде земена во предвид. Ваквата Забелешка е доставена и до Мисијата на ОБСЕ во Скопје.“